

# Извештај за учество на акционерски собранија одржани во месец април 2024

Датум: 15.05.2024
Сектор за инвестиции

SAVA PENZISKO

## Содржина

1. Алкалоид АД Скопје ..... 3
2. ВВ Тиквеш АД Кавадарци ..... 8
3. Македонски Телеком АД Скопје ..... 8
4. Македонијатурист АД Скопје ..... 12
5. Тетекс АД Тетово ..... 17
6. Реплек АД Скопје ..... 22
7. УНИБанка АД Скопје ..... 29

Извештајот се составува согласно **Правилникот за начинот на спречување на злоупотреба на информациите добиени како резултат на службената положба и за содржината и начинот на известување за трансакциите со хартиите од вредност.**

Во текот на месец април 2024 година се одржаа акционерски собранија на **Алкалоид АД Скопје, Макеоднски Телеком АД Скопје, Тиквеш АД Кавадарци, Македонијатурист АД Скопје, Тетекс АД Тетово**, **Реплек АД Скопје и УНИБанка АД Скопје,** компании во кои задолжителниот пензиски фонд и доброволниот пензиски фонд поседуваат акции и за кои согласно Правилникот, Друштвото има обврска за присуство и известување.

# 1. Алкалоид АД Скопје

## 1.1. Општ дел

Општи податоци за акционерското друштво во чии акции се инвестирани средствата на ОЗПФ Сава пензиски фонд, за кои Друштвото има обврска за задолжително присуство:

**I. Алкалоид АД Скопје**

| | | |
|---|---|---|
| *Име на акционерското Друштво* | **Алкалоид АД Скопје** | |
| *Учество во вкупниот број на издадени обични акции на акционерското Друштво во %* | **2,694%** | Друштвото има обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Учество на инвестираните средства во вкупните средства на пензиските фондови во %* | **1,25%** | Друштвото има обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Датум на одржување на Собранието* | 01.04.2024 година | |
| *Дневен ред на Собранието* | **Процедурален дел**:<br>1. Избор на претседавач со Собранието;<br>2. Избор на бројачи на гласови;<br><br>**Работен дел:**<br><br>3. Предлог Одлука за измени и дополнувања на Статутот на | |

| | |
|---|---|
| | АЛКАЛОИД АД Скопје заради додавање на дејност во предметот на работење, во насока на усогласување со сметководствените прописи, со прилог предлог пречистен текст на Статутот;<br>4. Годишен Извештај за работата на Друштвото за период јануари-декември 2023 година (единечен и консолидиран);<br>- Предлог-Одлука за одобрување и усвојување на Годишни Извештаи;<br>5. Годишна сметка на Друштвото, Консолидирана годишна сметка на Друштвото и Финансиски извештаи на Друштвото за 2023 година (единечни и консолидирани);<br>- Предлог-Одлука за одобрување и усвојување на Годишна сметка на Друштвото; Консолидирана годишна сметка на Друштвото и Финансиски извештаи на Друштвото за 2023 година (единечни и консолидирани);<br>- Предлог-Одлука за одобрување на работата и за водењето на работењето со Друштвото од страна на членовите на Управен одбор на Друштвото во 2023 година;<br>6. Извештаи за извршена ревизија од овластен ревизор;<br>- Предлог-Одлука за усвојување на Извештаите;<br>7. Извештај за работата на членовите на Надзорен одбор на Друштвото во 2023 година;<br>- Предлог- Одлука за одобрување на работата на членовите на Надзорен одбор на Друштвото во 2023 година;<br>8. Предлог-Одлука за употреба и распоредување на добивката по Годишната сметка на Друштвото за 2023 година;<br>9. Предлог-Одлука за утврдување на датуми при исплата на дивиденда |

| | |
|---|---|
| | за 2023 година (дивиденден календар);<br>10. Предлог-Одлука за стекнување сопствени акции со откуп;<br>11. Предлог-Одлука за отуѓување сопствени акции;<br>12. Назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на Друштвото за 2024 година |
| *Претставници на Собранието* | Александар Миневски |

**II. Алкалоид АД Скопје**

| **ТОЧКИ НА ДНЕВЕН РЕД** | **НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ** |
|---|---|

Акционерското собрание на Алкалоид АД Скопје се одржа на 01.04.2024 година со почеток во 08:00 часот во просториите на Друштвото, на бул. Александар Македонски бр.12 во Скопје. Сава пензиско друштво АД Скопје, преку полномошник, по точките од дневниот ред на седницата на Собранието на акционери гласаше на следниот начин:

**Процедурален дел**

1. Избор на претседавач со Собранието;
2. Избор на бројачи на гласови;

**Гласаше ЗА по предлозите од процедуралниот дел**

**Работен Дел**

3. Предлог Одлука за измени и дополнувања на Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје заради додавање на дејност во предметот на работење, во насока на усогласување со сметководствените прописи, со прилог предлог пречистен текст на Статутот

**Гласаше ЗА**

4. Годишен Извештај за работата на Друштвото за период јануари-декември 2023 година (единечен и консолидиран)
    - Предлог-Одлука за одобрување и усвојување на Годишни Извештаи

**Гласаше ЗА**

5. Годишна сметка на Друштвото, Консолидирана годишна сметка на Друштвото и Финансиски извештаи на Друштвото за 2023 година (единечни и консолидирани)

- Предлог-Одлука за одобрување и усвојување на Годишна сметка на Друштвото, Консолидирана годишна сметка на Друштвото и Финансиски извештаи на Друштвото за 2023 година (единечни и консолидирани)
- Предлог-Одлука за одобрување на работата и за водењето на работењето со Друштвото од страна на членовите на Управен одбор на Друштвото во 2023 година

**Гласаше ЗА**

6. Извештаи за извршена ревизија од овластен ревизор
   - Предлог-Одлука за усвојување на Извештаите

**Гласаше ЗА**

7. Извештај за работата на членовите на Надзорен одбор на Друштвото во 2023 година
   - Предлог-Одлука за одобрување на работата на членовите на Надзорен одбор на Друштвото во 2023 година

**Гласаше ЗА**

8. Предлог Предлог-Одлука за употреба и распоредување на добивката по Годишната сметка на Друштвото за 2023 година

**Гласаше ЗА**

9. Предлог-Одлука за утврдување на датуми при исплата на дивиденда за 2023 година (дивиденден календар)

**Гласаше ЗА**

10. Предлог-Одлука за стекнување сопствени акции со откуп

**Гласаше ЗА**

11. Предлог-Одлука за отуѓување сопствени акции

**Гласаше ЗА**

12. Назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на Друштвото за 2024 година

**Гласаше ЗА**

**1.2. Кратка содржина на одлуките од собранието на акционери Алкалоид АД Скопје:**

Откако се верифицираа учесниците на Собранието и се утврди дека се исполнети условите за одржување на акционерското собрание на Алкалоид АД Скопје, се пристапи кон избор на Работни тела. На годишното акционерско собрание лично, преку овластен полномошник или преку коресподенција учествуваа акционери кои поседуваа 60,56% од акциите со право на глас.

По гласањето за Процедуралниот дел, се пристапи кон утврдување и гласање по точките од Работниот дел.

Пред да се започне со гласање по точките од работниот дел од Дневниот ред пред акционерите се обрати Претседателот на Управниот одбор, образложувајќи ги резултатите на компанијата, но и идните планови за развој. Свое обраќање имаше и финансискиот директор воедно и Член на Управниот обор, кој даде подетален преглед за постигнатите резултати во 2023 година. Воведно излагање имаше и Претседателот на Надзорниот одбор, кој го образложи извештајот на Надзорниот одбор, и се осврна на работата на Друштвото во изминатата година.
По точките од работниот дел од Дневниот ред акционерите позитивно гласаа за Годишниот извештај за работата на Друштвото за периодот јануари - декември 2023 година, работата на Управниот и Надзорниот Одбор, Годишната сметка и Финансиските извештаи, Ревизорските извештаи, како и Одлуката за распределба на добивката. На Собранието акционерите ја усвоија и предлог Одлуката за исплата на дивиденда и утврдување на дивиденден календар, односно се изгласа бруто дивиденда во износ од 540 денари по акција. Акционерите ја усвоија и Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Алкалоид АД Скопје, заради додавање на дејност во насока на усогласување со сметководствените прописи.
Сите точки од Дневниот ред беа едногласно усвоени од акционерите претставувани на собранието. Претставникот на Сава пензиски фонд позитивно гласаше по сите точки на Дневниот ред.

Во ревидираните финансиски извештаи на Алкалоид АД Скопје ревизорот изразил позитивно мислење, и смета дека извештаите објективно ја презентираат материјалната и финансиската состојба на компанијата.
Вкупните консолидирани приходи од продажба на производи и услуги во 2023 година изнесуваат 16.513 милиони денари, и во споредба со остварените продажби во 2022 година бележат раст за 15,5%. Според структурата најголем обем од продажбите, 69%, се остварени на странските пазари, а секторот Фармација има доминантна позиција во компанијата со учество од 89,7% во вкупните приходи од продажба.
Остварените вкупни расходи во 2023 година изнесуваат 14.659 милиони денари, и во однос на 2022 година бележат пораст за 12,2%. Во структурата на вкупните расходи најголемо учество со 29% имаат суровините и материјалите, па потоа трошоците за вработените со учество од 25,9%, и по нив трошоци за набавна вредност на продадените стоки со учество од 19% во вкупните расходи.
Остварената консолидирана Нето добивка во 2023 година изнесува 1.576 милиони денари, и во споредба со остварената во 2022 година е зголемена за 7,7%.
Вкупните средства, заклучно со 31.12.2023 година, изнесуваат 19.954 милиони денари и се повисоки за 13,4%. Раст е забележан и кај тековните и нетековните средства. На страната на пасивата вкупните обврски изнесуваат 6.162 милиони денари, и се зголемени за 21,2% во однос на претходната година.

Откако беа изгласани сите точки од Дневниот ред, Претседателот на собранието го прогласи годишното акционерско собрание за завршено.

## 2. Македонски Телеком АД Скопје

### 2.1. Општ дел

Општи податоци за акционерското друштво во чии акции се инвестирани средствата на ОЗПФ Сава Пензиски фонд и ОДПФ Сава Пензија плус.

**I. Македонски Телеком АД Скопје**

| | |
|---|---|
| *Име на акционерското Друштво* | **Македонски Телеком АД Скопје** |
| *Учество во вкупниот број на издадени обични акции на акционерското Друштво во %* | **0,97%** Друштвото нема обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Учество на инвестираните средства во вкупните средства на пензиските фондови во %* | **0,61%** Друштвото нема обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Датум на одржување на Собранието* | 04.04.2024 година |
| *Дневен ред на Собранието* | **Процедурален дел**:<br>1. Отворање на Собранието;<br>2. Избор на Претседавач;<br>3. Избор на бројачи на гласови; и<br>4. Избор на Записничар;<br><br>**Работен дел:**<br>1. Предлог Одлука за реизбор, отповикување и избор на членови на Одборот на директори на Друштвото |
| *Претставници на Собранието* | Горјан Анастасов |

**II. Македонски Телеком АД Скопје**

| ТОЧКИ НА ДНЕВЕН РЕД | НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ |
|---|---|

Акционерското собрание на Македонски Телеком АД Скопје се одржа на 04.04.2024 година со почеток во 11:00 часот во седиштето на Друштвото на Кеј 13-ти Ноември бр. 6, Скопје, конференциска сала Атриум 2, 10. кат. Претставникот на Сава пензиско друштво АД Скопје, во име и за сметка на задолжителниот и доброволниот пензиски фонд, по точките од дневниот ред на седницата на Собранието на акционери гласаше на следниот начин:

**Процедурален дел:**

1. Отворање на Собранието;
2. Избор на Претседавач;
3. Избор на бројачи на гласови; и
4. Избор на Записничар;

**Претставникот гласаше ЗА по предлозите од процедуралниот дел**

**Работен Дел:**

1. Предлог Одлука за реизбор, отповикување и избор на членови на Одборот на директори на Друштвото

**Гласаше ЗА**

## 2.2. Кратка содржина на одлуките од собранието на акционери Македонски Телеком АД Скопје

Откако се верифицираа учесниците на Собранието и се утврди дека се исполнети условите за одржување на акционерското собрание на Македонски Телеком АД Скопје, се пристапи кон избор на Работни тела. На собранието беа присутни акционери кои поседуваат 96,43% од акциите со право на глас.

По гласањето за Процедуралниот дел, се пристапи кон утврдување и гласање по точките од Работниот дел.

На собранието беше усвоена единствената точка од Дневниот ред, која содржеше 3 потточки. Имено, акционерите позитивно гласаа за предлог-одлуката за реизбор на г-дин Лубор Жатко, државјанин на Република Словачка, за Неизвршен член на Одборот на директори, со мандат кој започнува на 15 април 2024 година. Понатаму, акционерите позитивно се изјаснија за предлогот за отповикување на г-дин Мартин Ренер, државјанин на СР Германија, од позицијата Независен Неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото, со мандат кој завршува на 15 април 2024. На негово место, на позицијата Независен Неизвршен член на Одборот на директори беше предложен г-дин Младен Митиќ, државјанин на Република Србија, со мандат кој започнува од 15 април 2024 година, за што акционерите исто така позитивно се изјаснија.

Претставникот на Сава пензиски фонд гласајќи “ЗА” го поддржа донесувањето на одлуката од работниот дел на дневниот ред. Сите присутни акционери позитивно се изјаснија за предложената одлука.

По усвојувањето на предложената точка, Дневниот ред беше исцрпен и Претседателот на Собранието го прогласи годишното акционерско собрание на Македонски Телеком АД Скопје за затворено.

## 3. ВВ Тиквеш АД Кавадарци

### 3.1. Општ дел

Општи податоци за акционерското друштво во чии акции се инвестирани средствата на задолжителниот и доброволниот пензиски фонд, за кои Друштвото има обврска за задолжително присуство.

**I. ВВ Тиквеш АД Кавадарци**

| | | |
|---|---|---|
| *Име на акционерското Друштво* | **ВВ Тиквеш АД Кавадарци** | |
| *Учество во вкупниот број на издадени обични акции на акционерското Друштво во %* | **3,91%** | Друштвото има обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Учество на инвестираните средства во вкупните средства на пензиските фондови во %* | **0,11%** | Друштвото нема обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Датум на одржување на Собранието* | 08.04.2024 година | |
| *Дневен ред на Собранието* | Дневен ред<br><br>Т.1. Донесување на Одлука за пристапување кон долг | |
| *Претставници на Собранието* | Александар Миневски | |

**II. ВВ Тиквеш АД Кавадарци**

| ТОЧКИ НА ДНЕВЕН РЕД | НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ |
|---|---|
| Акционерското собрание на ВВ Тиквеш АД Кавадарци се одржа на 08.04.2024 година со почеток во 12:00 часот во седиштето на подружницата Управа во Скопје, на улица Димче Беловски бр.2, Гази баба Скопје.<br>Сава пензиско друштво АД Скопје, преку полномошник, по точките од дневниот ред на седницата на Собранието на акционери гласаше на следниот начин:<br><br>Процедурален дел<br><br>1. Избор на претседавач со Собранието;<br>2. Избор на бројачи на гласови. | **Гласаше ЗА по предлозите од процедуралниот дел** |

**Работен Дел**

Т.1. Донесување на Одлука за пристапување кон долг

**Претставникот гласаше Против**

## 3.2. Кратка содржина на извештаите и одлуките од собранието на акционери на ВВ Тиквеш АД Кавадарци

На акционерското собрание, преку коресподенција, полномошно и лично, беа претставени акционери кои поседуваат 246.820 акции или 91,26% од акциите со право на глас.
Откако се утврди дека се исполнети условите за одржување на собранието и се усвоија предлозите за процедуралниот дел, се премина кон гласање по точките од работниот дел од Дневниот ред.

Предмет за гласање на оваа вонредно акционерско собрание имаше само една точка на Дневен ред т.е. присутните акционери требаше да се произнесат по предложена Одлука за пристапување кон долг.
Со оваа Одлука се дава Согласност Тиквеш АД Кавадарци да пристапи кон :

- Договор за одобрување на долгорочен кредит, од 26.01.2024 година, на износ до 775 милиони денари, со сите негови измени и дополнувања;
- Договор за рефинансирање на побарувања на Банката, од 29.03.2019 година, на износ од 426,25 милиони денари, со сите негови измени и дополнувања;
- Договор за одобрување на долгорочен кредит, од 24.12.2019 година, на износ од 7,4 милиони денари, со сите негови измени и дополнувања, склучени помеѓу Комерцијална Банка АД Скопје и Друштво за инженеринг и услуги М-6 ЕДЕН ДОО Скопје;

За дискусија се јави претставникот на Сава пензиско друштво АД Скопје и истакна дека не се дадени доволно аргументи во поткрепа на предложенената одлука, а врз основа на кои како акционери би биле убедени во нејзината соодветност и потребата од нејзиното донесување.

Претседателот на акционерското собрание потенцираше дека согласно Статутот на Друштвото и Законот за трговски друштва право на глас имаат само акционерите кои немаат интерес од зделката, а се претставени на денешната седница на Собрание на акционери. Акционерот М-6 ЕДЕН ДОО Скопје како акционер кој има интерес од зделката нема право на глас.
Согласно присутните акционери на собранието право на глас имаат 30.231 акции, а одлуката ќе биде усвоена доколку за нејзе позитивно се изјаснат најмалку 15.129 акции.
По излагањето на Претседателот на акционерското собрани се премина на гласање. За донесување на Одлуката гласаа акционери кои поседуваат 19.666 акција, додека Против беа 10.565 акции. Претседателот констатира дека одлуката е усвоена со потребното мнозинство.
Претставникот на Сава пензиско друштво АД Скопје гласаше Против.

Со исцрпување на Дневниот ред, Претседателот на акционерското собрание го прогласи годишното акционерско собрание за затворено.

# 4. Македонијатурист АД Скопје

## 4.1. Општ дел

Општи податоци за акционерското друштво во чии акции се инвестирани средствата на ОЗПФ Сава пензиски фонд и ОДПФ Сава пензија плус, за кои Друштвото има обврска за задолжително присуство.

**I. Македонијатурист АД Скопје**

| | | |
|---|---|---|
| *Име на акционерското Друштво* | **Македонијатурист АД Скопје** | |
| *Учество во вкупниот број на издадени обични акции на акционерското Друштво во %* | **9,83%** | Друштвото има обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Учество на инвестираните средства во вкупните средства на пензиските фондови во %* | **0,35%** | Друштвото нема обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Датум на одржување на Собранието* | 17.04.2024 година | |
| *Дневен ред на Собранието* | **Процедурален дел**:<br>1. Отворање на Собранието;<br>2. Избор на верификациона комисија и бројач на гласови;<br>3. Избор на Претседавач со Собранието;<br><br>**Работен дел:**<br><br>1. Извештај од верификационата комисија;<br>2. Усвојување на записник од редовна годишна седница на Собранието на акционери на “Македонијатурист” АД Скопје одржана на на ден 19.04.2023 година, заведен под број ОДУ 431/23 од 19.04.2023 година;<br>3. Разгледување и усвојување на Годишната сметка, Финансиските извештаи ревидирани од овластен ревизор со Мислење и Годишниот | |

| | |
|---|---|
| | извештај за работењето на Друштвото за годината која завршува на 31.12.2023 година, со предлог одлуки:<br>- Годишна сметка и финансиските извештаи на Македонијатурист АД Скопје за годината која завршува на 31.12.2023 година;<br>- Предлог одлука за усвојување на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2023 година;<br>- Годишна сметка и финансиски извештаи на Македонијатурист АД Скопје за годината која завршува на 31.12.2023 година, ревидирани од овластен ревизор со Мислење;<br>- Предлог одлука за усвојување на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2023 година, ревидирани од овластен ревизор;<br>- Годишен извештај за работењето на Друштвото во 2023 година, со Мислење од овластен ревизор<br>- Предлог одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Друштвото во 2023 година;<br>4. Разгледување и одобрување на Извештајот за работата на Надзорниот одбор во 2023 година;<br>- Предлог одлука за одобрување на Извештајот за работата на Надзорниот одбор во 2023 година;<br>5. Разгледување и одобрување на Извештајот за работата на Управниот одбор во 2023 година;<br>- Предлог одлука за одобрување на Извештајот за работата на Управниот одбор во 2023 година;<br>6. Разгледување и одобрување на Извештајот за работата на Внатрешната ревизија во 2023 година; |

| | |
|---|---|
| | - Предлог одлука за одобрување на Извештајот за работата на Внатрешната ревизија во 2023 година;<br>7. Донесување одлука за распределба на добивката по Годишна сметка за 2023 година;<br>- Предлог одлука за распределба на добивката по Годишна сметка за 2023 година;<br>8. Донесување одлука за исплата на дивиденда за 2023 година и утврдување дивиденден календар;<br>- Предлог одлука за исплата на дивиденда за 2023 година и утврдување дивиденден календар;<br>9. Донесување одлука за избор на овластен ревизор за 2024 година.<br>- Предлог одлука за избор на овластен ревизор за 2024 година; |
| *Претставници на Собранието* | Игор Радовски |

## II. Македонијатурист АД Скопје

**ТОЧКИ НА ДНЕВЕН РЕД** **НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ**

Акционерското собрание на Македонијатурист се одржа на 17.04.2024 година со почеток во 12:00 часот во деловните простории на "Македонијатурист" на ул. "Филип Втори Македонски" бр. 5 во Скопје. Сава пензиско друштво АД Скопје, преку полномошник, по точките од дневниот ред на седницата на Собранието на акционери гласаше на следниот начин:

**Процедурален дел**

1. Отворање на Собранието;
2. Избор на верификациона комисија и бројач на гласови
3. Избор на Претседавач со Собранието

**Гласаше ЗА по предлозите од процедуралниот дел**

**Работен дел**

1. Извештај од верификационата комисија;

**Гласаше ЗА**

2. Усвојување на записник од редовна годишна седница на Собранието на акционери на “Македонијатурист” АД Скопје одржана на на ден 19.04.2023 година, заведен под број ОДУ 431/23 од 19.04.2023 година;

**Гласаше ЗА**

3. Разгледување и усвојување на Годишната сметка, Финансиските извештаи ревидирани од овластен ревизор со Мислење и Годишниот извештај за работењето на Друштвото за годината која завршува на 31.12.2023 година, со предлог одлуки:
   - Годишна сметка и финансиските извештаи на Македонијатурист АД Скопје за годината која завршува на 31.12.2023 година;
     - Предлог одлука за усвојување на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2023 година;

**Гласаше ЗА**

   - Годишна сметка и финансиски извештаи на Македонијатурист АД Скопје за годината која завршува на 31.12.2023 година, ревидирани од овластен ревизор со Мислење;
     - Предлог одлука за усвојување на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2023 година, ревидирани од овластен ревизор;

**Гласаше ЗА**

   - Годишен извештај за работењето на Друштвото во 2023 година, со Мислење од овластен ревизор
     - Предлог одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Друштвото во 2023 година;

**Гласаше ЗА**

4. Разгледување и одобрување на Извештајот за работата на Надзорниот одбор во 2023 година;
   - Предлог одлука за одобрување на Извештајот за работата на Надзорниот одбор во 2023 година;

**Гласаше ЗА**

5. Разгледување и одобрување на Извештајот за работата на Управниот одбор во 2023 година;
   - Предлог одлука за одобрување на Извештајот за работата на Управниот одбор во 2023 година;

**Гласаше ЗА**

6. Разгледување и одобрување на Извештајот за работата на Внатрешната ревизија во 2023 година;
   - Предлог одлука за одобрување на Извештајот за работата на Внатрешната ревизија во 2023 година;

**Гласаше ЗА**

7. Донесување одлука за распределба на добивката по Годишна сметка за 2023 година;
   - Предлог одлука за распределба на добивката по Годишна сметка за 2023 година;

**Гласаше ЗА**

8. Донесување одлука за исплата на дивиденда за 2023 година и утврдување дивиденден календар;
   - Предлог одлука за исплата на дивиденда за 2023 година и утврдување дивиденден календар;

**Гласаше ЗА**

9. Донесување одлука за избор на овластен ревизор за 2024 година;
   - Предлог одлука за избор на овластен ревизор за 2024 година;

**Гласаше ЗА**

## 4.2. Кратка содржина на одлуките од собранието на акционери Македонијатурист АД Скопје

На акционерското собрание, преку кореcподенција, полномошно и лично, беа претставени акционери кои поседуваа 67,59% од акциите со право на глас.

Акционерите претставени на собранието позитивно се изјаснија за Годишниот извештај за работењето на Друштвото, за Годишната сметка и Финансиските извештаи, за Извештајот и работењето на Надзорниот одбор и работата на Управниот одбор.
Со 100% од акциите со право на глас претставени на Собранието се изгласа и одлуката за исплата на дивиденда во вкупна вредност од 81,4 милиони денари или 200 денари бруто дивиденда по акција. Од вкупниот износ предвиден за дивиденда 45,01 милиони денари се издвоени од нераспределена добивка од 2018, 2017, до 2008 година, а 36,3 милиони денари ќе се искористат од добивката од 2023 година.

Во ревидираните финансиски извештаи на Македонијатурист АД Скопје ревизорот изразил позитивно мислење, и смета дека извештаите објективно ја презентираат материјалната и финансиската состојба на компанијата.

Македонијатурист АД Скопје во 2023 година оствари нето добивка од 96,4 милиони денари, и приходи од работење во висина од 345, 2 милиони денари .
Во приходите од работење најголемо учество имаат приходите од ноќевање во вредност од 190,6 милиони денари, потоа приходите од храна и пијалаци во висина од 105,2 милиони денари, а другите хотелски услуги се во вредност од 32,7 милиони денари. Приходите од наемнини изнесуваат 12,7 милиони денари, додека приходите од финансирање изнесуваат 66,9 милиони денари од кои 33,5 милиони се од дивиденди, а 31,4 милиони се од камата.

Во билансот на состојба вкупните средства изнесуваат 2.939 милиони денари, и се зголемени за 7% во однос на 2022 година. Обврските на компанијата, заклучно со 31.12.2023 година, изнесуваат 62 милиони денари од кои 25,2 милиони денари се обврски кон добавувачи, 3

милиони денари се во категоријата краткорочни финансиски обврски, 12 милиони денари во ПВР, и обврски кон државата и вработените од 13,8 милиони денари и 7,8 милиони денари соодветно. Македонијатурист АД Скопје нема долгорочни обврски.

Вкупно во паричните средства, депозитите и вложувања во акции и обврзници на компании кој котираат, Македонијатурист поседува 1.902 милиони денари.

Во 2023 година инвестициите во основната дејност на Македонијатурист изнесувале 64,5 милиони денари, а од овој износ 47 милиони денари се инвестиции во хотелот Холидеј Ин, 9,3 милиони денари се во хотел Белви, а останатиот износ е инвестиции во одржување на хотелските капацитети во другите подружници. Искористеноста на хотелскиот капацитет во 2023 година изнесуваше 38,9%.

Откако се усвоија точките од Дневниот ред, Претседавачот го прогласи акционерското собрание за затворено.

## 5. Тетекс АД Тетово

### 5.1. Општ дел

Општи податоци за акционерското друштво во чии акции се инвестирани средствата на ОЗПФ Сава пензиски фонд, за кое Друштвото има обврска за задолжително присуство.

**I. Тетекс АД Тетово**

| | | |
|---|---|---|
| *Име на акционерското Друштво* | **Тетекс АД Тетово** | |
| *Учество во вкупниот број на издадени обични акции на акционерското Друштво во %* | **2,58%** | Друштвото има обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Учество на инвестираните средства во вкупните средства на пензиските фондови во %* | **0,05%** | Друштвото нема обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Датум на одржување на Собранието* | 19.04.2024 година | |
| *Дневен ред на Собранието* | **Процедурален дел**:<br>1. Отворање на Собранието<br>2. Избор на претседавач на Собранието<br>3. Избор на записничар и оверувачи на записникот<br>4. Избор на бројач на гласови | |

| | |
|---|---|
| | **Работен дел:**<br><br>1. Разгледување и усвојување на Извештајот за работење на Тетекс АД Тетово за 2023 година.<br>- Предлог - Одлука за усвојување на Извештајот за работење на Тетекс АД Тетово за 2023 година<br>2. Разгледување и усвојување на Годишната сметка и финансиските извештаи на Тетекс АД Тетово за 2023 година.<br>- Предлог - Одлука за одобрување и усвојување на годишна сметка и финансиски извештаи за 2023 година<br>3. Разгледување и усвојување на консолидирана годишна сметка за 2023 година.<br>- Предлог - Одлука за одобрување и усвојување на консолидирана годишна сметка<br>4. Разгледување на Извештаи на ревизорската куќа.<br>- Предлог - Одлука за одобрување и усвојување на Извештаи<br>5. Разгледување и усвојување на Извештајот за работа на Одборот на директори на Тетекс АД Тетово за 2023 година.<br>- Предлог - Одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори и усвојување на Извештајот<br>- Предлог Одлука за распределба на резервирани финансиски средства<br>6. Разгледување и усвојување на Извештајот на Службата за внатрешна ревизија на Тетекс АД Тетово за 2023 година.<br>- Предлог - Одлука за усвојување на Извештајот<br>7. Донесување Одлука за распределба на добивката остварена по годишната сметка . |

| | |
|---|---|
| | - Предлог - Одлука за распределба на остварената добивка<br>8. Донесување Одлука за исплата на дивиденда и дивиденден календар.<br>- Предлог - Одлука за исплата на дивиденда и дивиденден календар<br>9. Донесување Одлука за стекнување сопствени акции<br>- Предлог – Одлука за стекнување сопствени акции<br>10. Донесување финансиски план за 2024 година.<br>- Предлог - Одлука за одобрување и усвојување финансиски план за 2024 година за Тетекс АД Тетово<br>11. Донесување на Одлука за назначување на овластен ревизор на годишната сметка на Тетекс АД Тетово за 2024 година. |
| *Претставници на Собранието* | Александар Миневски |

**II. Тетекс АД Тетово**

| ТОЧКИ НА ДНЕВЕН РЕД | НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ |
|---|---|

Акционерското собрание на Тетекс АД Тетово се одржа на 19.04.2024 година со почеток во 12:00 часот во просториите на Друштвото, на ул. Браќа Миладинови бр. 1, Тетово. Сава пензиско друштво АД Скопје, преку полномошник, по точките од дневниот ред на седницата на Собранието на акционери гласаше на следниот начин:

**Процедурален дел**

1. Отворање на Собранието
2. Избор на претседавач на Собранието
3. Избор на записничар и оверувачи на записникот
4. Избор на бројач на гласови

**Гласаше ЗА по предлозите од процедуралниот дел**

**Работен дел:**

1. Разгледување и усвојување на Извештајот за работење на Тетекс АД Тетово за 2023 година.

- Предлог - Одлука за усвојување на Извештајот за работење на Тетекс АД Тетово за 2023 година

**Гласаше ЗА**

2. Разгледување и усвојување на Годишната сметка и финансиските извештаи на Тетекс АД Тетово за 2023 година.
   - Предлог - Одлука за одобрување и усвојување на годишна сметка и финансиски извештаи за 2023 година

**Гласаше ЗА**

3. Разгледување и усвојување на консолидирана годишна сметка за 2023 година.
   - Предлог - Одлука за одобрување и усвојување на консолидирана годишна сметка

**Гласаше ЗА**

4. Разгледување на Извештаи на ревизорската куќа.
   - Предлог - Одлука за одобрување и усвојување на Извештаи

**Гласаше ЗА**

5. Разгледување и усвојување на Извештајот за работа на Одборот на директори на Тетекс АД Тетово за 2023 година.
   - Предлог - Одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори и усвојување на Извештајот

**Гласаше ЗА**

   - Предлог Одлука за распределба на резервирани финансиски средства

**Гласаше ЗА**

6. Разгледување и усвојување на Извештајот на Службата за внатрешна ревизија на Тетекс АД Тетово за 2023 година.
   - Предлог - Одлука за усвојување на Извештајот

**Гласаше ЗА**

7. Донесување Одлука за распределба на добивката остварена по годишната сметка .
   - Предлог - Одлука за распределба на остварената добивка

**Гласаше ЗА**

8. Донесување Одлука за исплата на дивиденда и дивиденден календар.
   - Предлог - Одлука за исплата на дивиденда и дивиденден календар

**Гласаше ЗА**

9. Донесување Одлука за стекнување сопствени акции.
   - Предлог – Одлука за стекнување сопствени акции

**Гласаше ЗА**

10. Донесување финансиски план за 2024 година.
    - Предлог - Одлука за одобрување и усвојување финансиски план за 2024 година за Тетекс АД Тетово

**Гласаше ЗА**

11. Донесување на Одлука за назначување на овластен ревизор на годишната сметка на Тетекс АД Тетово за 2024 година.

**Гласаше ЗА**

**5.2. Кратка содржина на одлуките од собранието на акционери Тетекс АД Тетово:**

На Годишното акционерско собрание преку коресподенција и лично присуствуваа акционери кои поседуваа 69,39% од акциите со право на глас. Откако се утврди дека се исполнети условите за одржување на собранието се пристапи кон избор на Работни тела.

По гласањето за Процедуралниот дел, се премина кон утврдување и гласање по точките од Работниот дел од Дневниот ред.

По точките од Дневниот ред акционерите позитивно гласаа за Годишниот извештај за периодот јануари - декември 2023 година, работата на Одборот на директори, Годишната сметка и Финансиските извештаи, како и за Одлуката за распределба на остварената добивка. Од страна на претставените акционери се усвоија и Извештаите на ревизорската куќа, и Извештајот на Службата за внатрешна ревизија на Тетекс АД Тетово.

На собранието акционерите ја усвоија и Одлуката за исплата на дивиденда и утврдување на дивиденден календар т.е. се усвои одлука за исплата на бруто дивиденда од 110 денари по акција. Присутните акционери позитивно се изјаснија и за одлуките за стекнување на сопствени акции.
Сите точки од Дневниот ред беа едногласно усвоени, со исклучок на Одлука за распределба на резервирани финансиски средства, каде беше усвоена со 98,3% од претставените акционери додека 4.908 гласа беа воздржани. Со оваа Одлука се одобрува распределба на резервирани финансиски средства во бруто износ од 5,8 милиони денари, за доверливи работи за членовите на Одборот на директори и раководниот тим на Тетекс. Распределбата на финансиските средства ќе се изврши во висина и износ согласно предлогот на Комисијата за наградување, притоа земајќи ги предвид посебно доверени и реализирани задачи и проекти од страна на членовите на Одборот на директори и раководниот тим, кои бараат дополнителен ангажман, стручност и искуство.

Во ревидираните финансиски извештаи ревизорот изразил позитивно мислење, и смета дека извештаите објективно ја презентираат материјалната и финансиската состојба на Тетекс АД Тетово.
Групацијата Тетекс АД Тетово прикажа приходи од продажба во вредност од 78,3 милиони денари, и останати оперативни приходи во висина од 322,4 милиони денари. Ставката останати оперативни приходи е зголемена за 135% во однос на 2022, како резултат на реализирана капитална добивка од продажба на материјални средства. На страна на трошоците, трошоците за продадени производи и стоки изнесуваат 203 милиони денари, додека административни и продажни расходи изнесуваат 124 милиони денари. Двете ставки бележат зголемување главно поради повисоката набавна вредност на продадените материјали и стоки.
Оперативната добивка изнесува 48,5 милиони денари, а нето добивката е 85,37 милиони денари.
Вкупните средства заклучно со 31.12.2023 година изнесуваат 1,70 милијарди денари, а обврските се во висина од 48,4 милиони денари. Најголема ставка во обврските има обврските по основ на резервации, 23 милиони денаро. Паричните средства се зголемени за 3,5 пати и изнесуваат 183,5 милиони денари.

Со усвојување на последната точка од Дневниот ред, Претседавачот на собранието го прогласи Годишното акционерското собрание на Тетекс АД Тетово за затворено.

## 6. Реплек АД Скопје

### 6.1. Општ дел

Општи податоци за акционерското друштво во чии акции се инвестирани средствата на ОЗПФ Сава пензиски фонд и ОДПФ Сава пензија плус, за кои Друштвото има обврска за задолжително присуство.

**I. Реплек АД Скопје**

| | | |
|---|---|---|
| *Име на акционерското Друштво* | **Реплек АД Скопје** | |
| *Учество во вкупниот број на издадени обични акции на акционерското Друштво во %* | **6,88%** | Друштвото има обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Учество на инвестираните средства во вкупните средства на пензиските фондови во %* | **0,30%** | Друштвото нема обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Датум на одржување на Собранието* | 25.04.2024 година | |
| *Дневен ред на Собранието* | **Процедурален дел**:<br>1. Отворање на Собранието;<br>2. Верификација на списокот на пријавени и присутни акционери;<br>3. Избор на Претседавач на Собранието;<br>4. Усвојување на Дневниот ред.<br><br>**Работен дел:**<br><br>1. Донесување на одлука за усвојување на Деловник за работа на Собранието на акционери на РЕПЛЕК АД Скопје;<br>• Предлог-одлука за усвојување на Деловник за работа на Собранието на акционери на РЕПЛЕК АД Скопје;<br>2. Разгледување и усвојување на годишниот извештај за работењето | |

| | |
|---|---|
| | на Друштвото за период јануари - декември 2023 година;<br>• Предлог-одлука за одобрување и усвојување на Годишниот извештај за работата на РЕПЛЕК АД Скопје за 2023 година;<br>3. Разгледување на финансискиот извештај и годишната сметка на Друштвото за 2023 година и усвојување на годишната сметка и финансискиот извештај<br>• Предлог-одлука за усвојување на годишната сметка и финансискиот извештај на РЕПЛЕК АД Скопје за 2023 година;<br>4. Разгледување и усвојување на консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи на Друштвото<br>• Предлог-одлука за усвојување на консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи за 2023 година за Групацијата РЕПЛЕК АД;<br>5. Одобрување на работата на членовите на Управниот одбор - одделно за секој член на органот;<br>• Предлог-одлука за одобрување на работата на членовите на Управниот одбор – одделно за секој член на органот;<br>6. Извештај за работењето на Надзорниот одбор на Друштвото за 2023 година, усвојување на извештајот и одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор - одделно за секој член на органот;<br>• Предлог-одлука за одобрување и усвојување на Годишниот извештај за работата на Надзорниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје за 2023 година;<br>• Предлог-одлука за одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор – одделно за секој член на органот;<br>7. Донесување на одлука за избор на член на Надзорен одбор на Друштвото |

| | |
|---|---|
| | • Предлог-одлука за избор на член на Надзорен одбор;<br>8. Разгледување на извештајот за извршената ревизија од овластениот ревизор и усвојување на истиот;<br>• Предлог-одлука за усвојување на извештаите од овластениот ревизор;<br>9. Именување на овластен ревизор на годишна сметка во Друштвото за 2024 година;<br>• Предлог-одлука за назначување овластен ревизор за 2024 година;<br>10. Донесување на одлука за распределба на добивката по годишната сметка на Друштвото за 2023 година;<br>• Предлог-одлука за распределба на добивка по годишната сметка на РЕПЛЕК АД Скопје за 2023 година;<br>11. Донесување на одлука за утврдување на датуми при исплата на дивиденда за 2023 година (дивиденден календар);<br>• Предлог-одлука за утврдување на датуми при исплата на дивиденда за 2023 година (дивиденден календар);<br>12. Донесување на одлука за поделба на обичните акции издадени од РЕПЛЕК АД Скопје и намалување на номиналниот износ на акциите<br>• Предлог-одлука за поделба на обичните акции издадени од РЕПЛЕК АД Скопје и намалување на номиналниот износ на акциите;<br>13. Донесување на одлука за измена и дополнување на Статутот на Друштвото;<br>• Предлог-одлука за измена и дополнување на Статутот на РЕПЛЕК АД Скопје;<br>14. Донесување на одлука за стекнување на сопствени акции со откуп;<br>• Предлог-одлука за стекнување на сопствени акции со откуп;<br>15. Донесување на одлука за продажба (отуѓување) на |

| | |
|---|---|
| | сопствени акции по пат на јавна понуда;<br>• Предлог-одлука за продажба (отуѓување) на сопствени акции по пат на јавна понуда; |
| *Претставник на Собранието* | Александар Миневски |

**II. Реплек АД Скопје**

| ТОЧКИ НА ДНЕВЕН РЕД | НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ |
|---|---|

Акционерското собрание на Реплек АД Скопје се одржа на 25.04.2025 година со почеток во 10:00 часот, во просториите на Друштвото на ул. Козле бр. 188 Скопје. Сава пензиско друштво АД Скопје, преку полномошник, по точките од Дневниот ред на седницата на Собранието на акционери гласаше на следниот начин:

**Процедурален дел**

1. Отворање на Собранието
2. Верификација на списокот на пријавени и присутни акционери
3. Избор на Претседавач на Собранието
4. Усвојување на Дневниот ред

**Гласаше ЗА по предлозите од процедуралниот дел**

**Работен Дел**

1. Донесување на одлука за усвојување на Деловник за работа на Собранието на акционери на РЕПЛЕК АД Скопје
   • Предлог-одлука за усвојување на Деловник за работа на Собранието на акционери на РЕПЛЕК АД Скопје

   **Гласаше ЗА**

2. Разгледување и усвојување на годишниот извештај за работењето на Друштвото за период јануари - декември 2023 година
   • Предлог-одлука за одобрување и усвојување на Годишниот извештај за работата на РЕПЛЕК АД Скопје за 2023 година

   **Гласаше ЗА**

3. Разгледување на финансискиот извештај и годишната сметка на Друштвото за 2023 година и усвојување на годишната сметка и финансискиот извештај
   • Предлог-одлука за усвојување на годишната сметка и финансискиот извештај на РЕПЛЕК АД Скопје за 2023 година

   **Гласаше ЗА**

4. Разгледување и усвојување на консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи на Друштвото
   • Предлог-одлука за усвојување на консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи за 2023 година за Групацијата РЕПЛЕК АД

**Гласаше ЗА**

5. Одобрување на работата на членовите на Управниот одбор - одделно за секој член на органот
   • Предлог-одлука за одобрување на работата на членовите на Управниот одбор – одделно за секој член на органот

   **Гласаше ЗА**

6. Извештај за работењето на Надзорниот одбор на Друштвото за 2023 година, усвојување на извештајот и одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор - одделно за секој член на органот
   • Предлог-одлука за одобрување и усвојување на Годишниот извештај за работата на Надзорниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје за 2023 година

   **Гласаше ЗА**

   • Предлог-одлука за одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор – одделно за секој член на органот

   **Гласаше ЗА**

7. Донесување на одлука за избор на член на Надзорен одбор на Друштвото
   • Предлог-одлука за избор на член на Надзорен одбор

   **Гласаше ЗА**

8. Разгледување на извештајот за извршената ревизија од овластениот ревизор и усвојување на истиот
   • Предлог-одлука за усвојување на извештаите од овластениот ревизор;

   **Гласаше ЗА**

9. Именување на овластен ревизор на годишна сметка во Друштвото за 2024 година;
   • Предлог-одлука за назначување овластен ревизор за 2024 година

   **Гласаше ЗА**

10. Донесување на одлука за распределба на добивката по годишната сметка на Друштвото за 2023 година
    • Предлог-одлука за распределба на добивка по годишната сметка на РЕПЛЕК АД Скопје за 2023 година

    **Гласаше ЗА**

11. Донесување на одлука за утврдување на датуми при исплата на дивиденда за 2023 година (дивиденден календар)
    • Предлог-одлука за утврдување на датуми при исплата на дивиденда за 2023 година (дивиденден календар)

    **Гласаше ЗА**

12. Донесување на одлука за поделба на обичните акции издадени од РЕПЛЕК АД Скопје и намалување на номиналниот износ на акциите

• Предлог-одлука за поделба на обичните акции издадени од РЕПЛЕК АД Скопје и намалување на номиналниот износ на акциите

**Гласаше ЗА**

13. Донесување на одлука за измена и дополнување на Статутот на Друштвото
    • Предлог-одлука за измена и дополнување на Статутот на РЕПЛЕК АД Скопје

**Гласаше ЗА**

14. Донесување на одлука за стекнување на сопствени акции со откуп
    • Предлог-одлука за стекнување на сопствени акции со откуп

**Гласаше ЗА**

15. Донесување на одлука за продажба (отуѓување) на сопствени акции по пат на јавна понуда
    • Предлог-одлука за продажба (отуѓување) на сопствени акции по пат на јавна понуда

**Гласаше ЗА**

**6.2. Кратка содржина на одлуките од собранието на акционери Реплек АД Скопје**:

На Годишното собрание лично или преку овластен полномошник учествуваа акционери кои поседуваа 76,50% од акциите со право на глас. Откако беше констатирано дека се исполнети условите за работа на собранието и се избраа работните тела од Процедуралниот дел се премина на работниот дел од Дневниот ред.

По усвојување на првата точка од Дневниот ред т.е. Деловодникот за работа на собранието на акционери на Реплек АД Скопје, за збор се јави Претседателот на Управниот одбор. Во своето излагање Претседателот на Управниот одбор на Реплек АД Скопје ги презентираше активностите кои биле преземени во 2023 година, предизвиците со кои се соочувале, како и идните планови за раст и развој на Групацијата. Свое обраќање имаше и Финансискиот Директор, образложувајќи ги подетално постигнатите резултатите во 2023 година.
За збор се јави и еден од поголемите акционери кој го пофали работењето на Управниот одбор и остварените резултати, но изрази и негодување во поглед на износот предвиден за дивиденда и побра да има исплата на втора дивиденда во текот на годинава.
Во дискусијата се вклучи и Претставникот на Сава пензиско друштво АД Скопје, поздравувајќи го чекорот што е направен од страна на Надзорниот и Управниот одбор за имплементирање на забелешките на ревизорот, од 2022 година, со тоа и барањата на Сава пензиско друштво АД Скопје како малцински акционер за прочистување на извештаите и објективно презентирање на резултатите. Во поглед на износот за дивиденда истакна дека е добро што менаџментот се придржува до дивидендната политика усвоена во изминатата година, истовремено укажувајќи дека и инвестициите во развојот на Групацијата се исто така значајни за раст на вредноста на Реплек АД Скопје и вредноста на нејзината акција.
По кратка дискусија, со вклучување на уште неколку акционери, се пристапи кон гласање по точките од работниот дел од Дневниот ред.
Акционерите со мнозинство гласови го усвоија Годишниот извештај за работата на Друштвото за периодот јануари - декември 2023 година, работата на Управниот Одбор и Надзорниот Одбор, Годишната сметка и Финансиските извештаи, Ревизорските извештаи, како и Одлуката

за распределба на добивката. На собранието акционерите ја усвоија и предлог Одлуката за исплата на дивиденда и утврдување на дивиденден календар, односно се изгласа бруто дивиденда во износ од 3.000 денари по акција.
Во однос на точка 7 од Дневниот ред за избор на нов член на Надзорниот одбор за збор се јави еден од поголемите акционери искажувајќи незадоволство дека како една од најголемите акционери не е предложен за член на Надзорниот одбор, поради што тој ќе гласа против предложениот кандидат. За предложениот кандидат: Томислав Крстевски, ЗА гласаа акционери кои поседуваат 15.406 акции, Против 2.764 акции и 44 беа Воздржани. Претседателот на акционерското собрание констатира дека предложениот кандидат со мнозинство гласови е избран од страна на присутните акционери.

На оваа собрание акционерите позитивно гласаат и за предлог Одлука за поделба на акциите во соодност: 1:10, т.е. една обична акција се дели на 10 нови обични акции. Со поделбата на акциите се намалува номиналната вредност на акцијата, но основната главнина на друштвото останува непроменета. Оваа промена покренува потреба од промена во Статутот на Друштвото за што акционерите гласаа ЗА предлог Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Реплек АД Скопје.
Пред акционерите за гласање беше ставена и Одлуката за стекнување на најмногу 2.592 сопствени акции, со дефиниран ранг на купување од 34.698 денари до 150.000 денари по акција, која беше усвоена, а акционерите позитивно гласаат и за Одлука за отуѓување на сопствени акции преку Јавна понуда.

Сите точки од Дневниот ред со мнозинство гласови беа усвоени од акционерите присутни на Собранието. Претставникот на Сава пензиско друштво АД Скопје гласаше ЗА по сите точки од Дневниот ред

Во ревидираните поединечните и консолидираните  финансиски извештаи ревизорот дал позитивно мислење, и смета дека извештаите објективно ја презентираат материјалната и финансиската состојба на компанијата, што претставува подобрување во однос на извештаите за 2022 година кога ревизорот за консолидираните финансиски извештаи издаде Мислење со резерва.
Реплек АД Скопје во консолидираните финансиски извештаи за 2023 година прикажа приходи од продажба во износ од 1.587,4 милион денари, оперативна добивка од 307,5 милиони денари и нето добивка од 280,6 милиони денари. Приходите од продажба во однос на 2022 година забележаа раст од 26,8%, додека пак оперативната добивка и нето добивката се зголемени за 2 и 3,5 пати соодветно.
Вкупните трошоци изнесуваат 1.609 милиони денари, а ставката Потрошени материјали  и ставката Трошоци за вработените се највисоки расходни ставки со учество од 66,4% во вкупните трошоци на Групацијата.
Вкупните средства заклучно со 31.12.2023 година изнесуваат 2.918 милиони денари и бележат раст од 29% во однос на 2022 година. Раст е остварен и кај тековните и кај нетековните срества, пред се кај ставката „Недвижности постројки и опрема“ поради нивно превреднување.
Вкупните обврски изнесуваат 703 милиони денари и се намалени за 3,5% во однос на 2022 година. Задолженоста по сонов на долгорочни кредити изнесува 98 милион денари, додека краткорочните кредити се во висина од 168,4 милиони денари.

Со исцрпување на Дневниот ред Претседателот на Собранието го прогласи акционерското собрание за завршено.

# 7. УНИБанка АД Скопје

## 7.1. Општ дел

Општи податоци за акционерското друштво во чии акции се инвестирани средствата на задолжителниот и доброволниот пензиски фонд, за кои Друштвото има обврска за задолжително присуство.

**I. УНИБанка АД Скопје**

| | | |
|---|---|---|
| *Име на акционерското Друштво* | **УНИБанка АД Скопје** | |
| *Учество во вкупниот број на издадени обични акции на акционерското Друштво во %* | **4,95%** | Друштвото има обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Учество на инвестираните средства во вкупните средства на пензиските фондови во %* | **0,30%** | Друштвото нема обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Датум на одржување на Собранието* | 30.04.2024 година | |
| *Дневен ред на Собранието* | **Процедурален дел**<br>1. Отворање на Собранието<br>2. Избор на работни тела на Собранието<br>- избор на Претседавач на Собранието;<br>- избор на бројач на гласови;<br>- избор на записничар<br><br>**Работен Дел**<br>1. Разгледување на Извештај за работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2023 година, со писмено мислење по истиот од страна на Надзорен одбор и Предлог Одлука за усвојување на извештајот со писмено мислење;<br>2. Разгледување на Извештај за работење на Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка во 2023 година, со Предлог Одлука за одобрување на извештајот;<br>3. Разгледување на Годишната сметка и финансиските извештаи на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за период 01.01.2023 година до 31.12.2023 година, со Предлог Одлука за усвојување;<br>4. Разгледување на Извештај од извршена ревизија на работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2023 година од | |

| | |
|---|---|
| | Друштвото за ревизија РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје и писмено мислење од Надзорниот одбор, со Предлог Одлука за усвојување на извештајот и писменото мислење;<br>5. Предлог Одлука за употреба и распоредување на добивка за период од 01.01.2023 до 31.12.2023 година;<br>6. Предлог Одлука за определување на износот на дивидендата и датуми на исплата на дивиденда за 2023 година (дивиденден календар);<br>7. Предлог Одлука за исплата на камата на имателите на Втора емисија перпетуална обврзница;<br>8. Предлог Одлука за исплата на камата на имателите на Трета емисија перпетуална обврзница;<br>9. Предлог Одлука за именување на Друштво за ревизија, кое ќе врши ревизија на работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2024 година;<br>10. Предлог Одлука за исплата на награда на членовите на Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје. |
| *Претставници на Собранието* | Александар Милевски |

**II. УНИБанка АД Скопје**

| **ТОЧКИ НА ДНЕВЕН РЕД** | **НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ** |
|---|---|

Акционерското собрание на УНИБанка АД Скопје, се одржа на 30.04.2024 година со почеток во 11 часот во просториите на Банката на ул. Максим Горки бр.6, Скопје.
Претставникот на Сава пензиско друштво АД Скопје, во име и за сметка на задолжителниот и доброволниот пензиски фонд, по точките од дневниот ред на седницата на Собранието на акционери на УНИБанка АД Скопје гласаше на следниот начин:

**Процедурален дел:**

1. Отворање на Собранието
2. Избор на работни тела на Собранието
   - избор на Претседавач на Собранието;
   - избор на бројач на гласови;
   - избор на записничар

**Претставникот гласаше ЗА по предлозите од процедуралниот дел**

**Работен Дел:**

1. Разгледување на Извештај за работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2023 година, со писмено мислење по истиот од страна на Надзорен одбор и Предлог Одлука за усвојување на извештајот со писмено мислење;

   **Гласаше ЗА**

2. Разгледување на Извештај за работење на Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка во 2023 година, со Предлог Одлука за одобрување на извештајот;

   **Гласаше ЗА**

3. Разгледување на Годишната сметка и финансиските извештаи на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за период 01.01.2023 година до 31.12.2023 година, со Предлог Одлука за усвојување;

   **Гласаше ЗА**

4. Разгледување на Извештај од извршена ревизија на работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2023 година од Друштвото за ревизија РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје и писмено мислење од Надзорниот одбор, со Предлог Одлука за усвојување на извештајот и писменото мислење;

   **Гласаше ЗА**

5. Предлог Одлука за употреба и распоредување на добивка за период од 01.01.2023 до 31.12.2023 година;

   **Гласаше ЗА**

6. Предлог Одлука за определување на износот на дивидендата и датуми на исплата на дивиденда за 2023 година (дивиденден календар);

   **Гласаше ЗА**

7. Предлог Одлука за исплата на камата на имателите на Втора емисија перпетуална обврзница;

   **Гласаше ЗА**

8. Предлог Одлука за исплата на камата на имателите на Трета емисија перпетуална обврзница;

   **Гласаше ЗА**

9. Предлог Одлука за именување на Друштво за ревизија, кое ќе врши ревизија на работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2024 година;

   **Гласаше ЗА**

10. Предлог Одлука за исплата на награда на членовите на Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје.

    **Гласаше ЗА**

## 7.2. Кратка содржина на извештаите и одлуките од собранието на акционери на УНИБанка АД Скопје

Откако беше констатирано дека се исполнети условите за работа на собранието и се избраа работните тела од Процедуралниот дел се премина на работниот дел од Дневниот ред.

Во Работниот дел од Дневниот ред акционерите позитивно гласа за Годишниот извештај за работењето на УНИБанка АД Скопје, за Извештајот за работењето на Надзорниот одбор, за Годишната сметка и Финансиските извештаи, како и за Ревизорските извештаи од Друштвото за ревизија РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ. Акционерите ја усвоија и Одлуката за употреба и распоредување на остварената добивка за период од 01.01.2023 до 31.12.2023, со која се предлага 50 милиони денари да се распределат во реинвестирана добивка, 35,4 милиони денари за исплата камата на перпетуална обврзница, 7 милиони денари за трошоци за перпетуална обврзница, 201 милиони денари за дивиденди и 183,2 милиони денари како останати резерви.

Присутните акционери позитивно се изјаснија и по Одлуката за исплата на дивиденда и утврдување на дивиденден календар т.е. се усвои одлука за исплата на бруто дивиденда од 368 денари по акција. Акционерите дадоа согласност и за точка 7 и точка 8 од Дневниот ред, односно се одобри исплата на камата на имателите од втората и третата емисија на перпетуалната обврзница. На собранието се именуваше Друштво за ревизија на извештаите за 2024 година, и се усвои Одлуката за исплата на награда на членовите на Надзорниот Одбор.

Сава пензиско друштво АД Скопје, гласаше ЗА по сите точки од Дневниот ред. Сите точки од Дневниот ред беа усвоени од страна на акционерите претставувани на ова акционерско собрание.

Во ревидираните финансиски извештаи на УНИБанка АД Скопје ревизорот изразил позитивни мислење и смета дека извештаите објективно ја презентираат материјалната и финансиската состојба на Банката.
Во 2023 година нето каматните приходи изнесуваат 1.181,3 милион денари, и во однос на 2022 година забележале зголемување од 21,6%, а нето приходите од провизија се во висина од 296 милиони денари.
Банката во 2023 година оствари нето добивка од 476,5 милиони денари, и бележи раст од 39,6% во однос на 2022 година.
Износот издвоен како Исправка на вредноста на финансиските средства е 287,6 милион денари, а ставката Останати приходи од дејноста е со вредност од 69 милиони денари.
Вкупната актива заклучно со 31.12.2023 година изнесува 28,1 милијарди денари, и е зголемена за 8,5% во однос на 31.12.2022 година. Најголем дел од растот на активата се должи на растот на вложувањата во хартии од вредност за 3,1 милијарди денари.
Депозитите на комитентите, заклучно со 31.12.2023 година, изнесуваат 21,3 милијарди денари, и се за 9,2% повисоки од 2022 година.
УНИБанка АД Скопје годината ја заврши со стапка на адекватност на капиталот од 19,28%, што е над регулаторното барање за одржување на стапка од 15,75%.

Откако се усвои и последната точка од Дневниот ред, Претседателот на собранието го прогласи годишното акционерско собрание за затворено.